Komercijalna banka

Orce Nikolov 3, 1000 Skopje
Republic of North Macedonia
S.W.I.F.T.: KOBSMK2X
+389 2 3296 800
contact@kb.mk • www.kb.mk

**Комерцијална банка АД Скопје**
**Дирекција за вршење на услуги со хартии од вредност**
Васил Иљоски бр.3
1000 Скопје

**Понуда за преземање**

Комерцијална банка АД Скопје, банкарска институција регистрирана во Република Северна Македонија со службена адреса на Васил Иљоски бр.3, 1000 Скопје (во понатамошниот текст „Банката"), во име и за сметка на ОИЛКО КДА Скопје, со седиште на ул.10 бр.152 Миладиновци - Илинден, со ЕМБС 6178774 (во понатамошниот текст „Преземачот"), во согласност со член 16 и член 20 од Законот за преземање на акционерски друштва (Службен весник на РСМ бр.69/2013, 188/2013, 166/2014, 154/2015, 23/2016, 248/2018 и 31/2020), ја дава следнава

**ПОНУДА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ**

на сите акции издадени од МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје (Макпетрол АД Скопје) со седиште на ул. Св.Кирил и Методиј бр.4, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија, регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија со даночен број МК4030954258093 и ЕМБС 4057643 (во понатамошниот текст Макпетрол АД Скопје).

1. Понудата за преземање се однесува на:
- Вид и род: Понудата за преземање се однесува на обични акции со право на глас издадени од Макпетрол АД Скопје.
- Број на хартии од вредност на кои се однесува понудата за преземање: Понудата за преземање се однесува на сите 72.644 обични акции со право на глас издадени од Макпетрол АД Скопје со ИСИН број: МКМРТS101014, освен на сопствените акции кои ги поседува друштвото, а кои изнесуваат 11.238 обични сопствени акции и 28.500 обични акции со право на глас кои се во сопственост на ОИЛКО КДА Скопје и физичките лица кои дејствуваат заеднички со него.

2. Понудата за преземање се однесува на сите акционери кои поседуваат акции со право на глас издадени од Макпетрол АД Скопје.
   Преземачот се обврзува да ја купи секоја обична акција со право на глас издадена од Макпетрол АД Скопје во согласност со пропишаните и објавените услови.

3. Преземачот се обврзува да ги откупи сите 72.644 обични акции со право на глас по цена од 67.001,00 денари по акција.

   Преземачот ја утврди цената врз основа на највисоката цена по која, кое било од лицата кои дејствуваат заеднички - Преземачот и физичките лица ја платиле за купување на акции издадени од Макпетрол АД Скопје во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање.

Komercijalna banka

Orce Nikolov 3, 1000 Skopje
Republic of North Macedonia
S.W.I.F.T.: KOBSMK2X
+389 2 3296 800
contact@kb.mk • www.kb.mk

Понудената цена од 67.001,00 денари по акција е повисока од просечната цена на обичните акции издадени од Макпетрол АД Скопје, постигната на Македонската Берза за хартии од вредност во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање.

На имателите на хартии од вредност нема да им се наплатуваат трошоци за прифаќање на понудата за преземање, односно сите трошоци во врска со понудата за преземање ги сноси Преземачот.

4. Преземачот на сметка на Централниот депозитар за хартии од вредност предаде банкарска гаранција во вкупен износ од 4.872.245.719,00 денари, согласно член 34 од Законот за преземање на акционерски друштва.

   Плаќањето на акционерите кои ја прифатиле понудата за преземање се врши со исплата на парични средства од страна на Централниот депозитар за хартии од вредност во рокот предвиден во член 50 од Законот за преземање на акционерски друштва, односно во рок од 8 (осум) дена по приемот на Решението од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија со кое се утврдува успешноста на понудата за преземање.

5. Рокот на прифаќање на понудата за преземање започнува од денот на првото објавување на понудата за преземање, и ќе заврши 28 календарски дена по започнувањето на рокот за прифаќање на понудата за преземање.

   Рокот за прифаќање на понудата за преземање започнува на 22.02.2024 година и завршува на 20.03.2024 година.

6. Понудата за преземање се однесува на сите акции определени во точка 1.

   Најмала количина на обични акции со право на глас, на кои се однесува понудата за преземање, која треба да биде прифатена за понудата за преземање да се смета за успешна, е 50.000 обични акции со право на глас, што претставува 44,49% од вкупниот број обични акции со право на глас издадени од Макпетрол АД Скопје. Притоа, ОИЛКО КДА Скопје и физичките лица кои дејствуваат заеднички со него би поседувале најмалку 69,85% од вкупниот број обични акции со право на глас издадени од Макпетрол АД Скопје.

7. Понудата за преземање е дадена без услови за раскинување од член 17 од Законот за преземање на акционерски друштва.

Скопје, 21.02.2024 година

Комерцијална банка АД Скопје

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ 09